На **Марија Којзеклиска** избран член на Управен одбор на Јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип и престанува мандатот поради оставка.

Член 2

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 6025 /1 | Совет на Општина Штип
26 септември 2023 година | Претседател

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

691.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА – ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ ШТИП
(Претставници на Совет на родители)

I

Се објавува Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈУДОДГ ,,Вера Циривити Трена”–Штип (Претставници на Совет на родители).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6026/2
27 септември 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

692.

Врз основа на член 114 став 8, и 17 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14 , 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 21 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 септември 2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА – ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ ШТИП
(Претставници на Совет на родители)

1. Од членови на Управниот одбор јавната установа за деца - општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип како претставници на Советот на родители **се разрешуваат**:

- Митко Коцев
- Ивана Кировска

2**.** За нови членови на Управниот одбор јавната установа за деца - општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип како претставници на Советот на родители **се именуваат:**

- Аница Кулакова
- Томислав Парчеклиев

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 6026 /1
26 септември 2023 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

693.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ДЕЦАТА ВО ГРУПИТЕ ВО ЈУДОДГ ,,ВЕРА ЦИРИВИТИ ТРЕНА” – ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање согласност за зголемување на бројот на децата во групите во ЈУДОДГ ,,Вера Циривити Трена” – Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6027/2 Општина Штип
27 септември 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

694.

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, „Службен весник на РСМ“ 104/19, 146/19, 275/19, 311/20,294/21, 150/22 и 236/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на - 26 септември 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ
НА БРОЈОТ НА ДЕЦАТА ВО ГРУПИТЕ ВО
ЈУДОДГ„ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ ШТИП

Член 1

Се дава согласност за зголемување на бројот на децата во групите во ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ Штип од законски определениот број на деца во групи.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6027/1 Совет на Општина Штип
26 септември 2023 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

695.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА
ПОЧЕТОКОТ И ЗАВРШЕТОКОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ
НА ЈУДОДГ ,,ВЕРА ЦИРИВИТИ ТРЕНА” – ШТИП

I

Се објавува Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈУДОДГ ,,Вера Циривити Трена” – Штип.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6028/2 Општина Штип
27 септември 2023 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

696.

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 198/18, и Службен весник на РСМ број: 104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 ) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 септември 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОКОТ И ЗАВРШЕТОКОТ НА
РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА ЈУДОДГ „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ – ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ – Штип.

Член 2

Работното време на детската градинка од член 1 на оваа Одлука започнува во 05:30 часот, а завршува во 17:00 часот, во сите објекти-клонови кои се во состав на установата.

Член 3

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ – Штип број 08-5148/1 од 30 август 2022 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6028/1
26 септември 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

697.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈУДОДГ ,,ВЕРА ЦИРИВИТИ ТРЕНА”–ШТИП ЗА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДОДГ ,,Вера Циривити Трена”–Штип за 2022/2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6029/2
27 септември 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

698.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), во врска со член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и „Службен весник на РСМ“ број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22) и врз основа на член 49 став 1 и 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 септември 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈУДОДГ ,,ВЕРА ЦИРИВИТИ ТРЕНА” – ШТИП ЗА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишен извештај за работа на ЈУДОДГ ,,Вера Циривити Трена” – Штип за 2022/2023 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6029 /1
26 септември 2023 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

699.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДОДГ ,,ВЕРА ЦИРИВИТИ ТРЕНА”–ШТИП ЗА 2023/2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ЈУДОДГ ,,Вера Циривити Трена”–Штип за 2023/2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6030/2
27 септември 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

700.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), во врска со член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и „Службен весник на РСМ“ број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22) и врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 септември 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДОДГ ,,ВЕРА ЦИРИВИТИ ТРЕНА” – ШТИП ЗА 2023/2024 ГОДИНА

I

Се донесува Годишна програма за работа на ЈУДОДГ ,,Вера Циривити Трена” – Штип за 2023/2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6030 /1
26 септември 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

701.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

I

Се објавува Правилник за измена и дополнување на Правилникот за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6031/2 Општина Штип
27 септември 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

702.

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ број 5/02), член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) и Одлуката за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 04/22), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на 26 септември 2023 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

Член 1

Во Правилникот за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари („Службен

гласник на Општина Штип“ број 05/22) во членот 8, ставот 1 „Предвидените средства за наградување на учениците се распределуваат така што 70% ќе се користат за доделување стипендии, а 30% за доделување еднократни парични награди“ се заменува со: **„Предвидените средства за наградување на учениците ќе се распределуваат така што најмногу 30% од нив ќе се користат за доделување еднократни парични награди, а останатите за доделување годишни стипендии.“**

Член 2

Во членот 13, после ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

**„Во предлогот за наградување, учениците кои се предложени за наградување со стипендија за нивните постигнувања во областа на уметностите (музичка и ликовна) се застапени со најмногу 15% во однос на сите предложени ученици за стипендија.“**

Ставовите 2,3,4,5 и 6 стануваат став 3,4,5,6 и 7.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6031 /1
26 септември 2023 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

703.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ВО АСОЦИЈАЦИЈАТА ACES EUROPE

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за аплицирање во асоцијацијата ACES Europe.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6032/2
27 септември 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

704.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 септември 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ
ВО АСОЦИЈАЦИЈАТА ACES EUROPE

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за аплицирање во асоцијацијата ACES Europe, во висина од 2.350,00 евра.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 6032/1
26 септември 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

705.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУДГ„АСТИБО"-ШТИП ЗА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ОЈУДГ„Астибо“-Штип за 2022/2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6033/2 Општина Штип
27 септември 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

706.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), во врска со член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и „Службен весник на РСМ“ број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22) и врз основа на член 49 став 1 и 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 септември 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
НА ОЈУДГ„АСТИБО“ ШТИП ЗА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишен извештај за работа на ОЈУДГ„Астибо“ Штип за 2022/2023 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6033 /1 Совет на Општина Штип
26 септември 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

707.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА РАБОТА НА ОЈУДГ„АСТИБО“-ШТИП ЗА 2023/2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ОЈУДГ„Астибо“-Штип за 2023/2024 година.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6034/2 Општина Штип
27 септември 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

708.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), во врска со член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и „Службен весник на РСМ“ број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22) и врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 септември 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
ОЈУДГ„АСТИБО“ ШТИП ЗА 2023/2024 ГОДИНА

I

Се донесува Годишна програма за работа на ОЈУДГ„Астибо“ Штип за 2023/2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6034 /1
26 септември 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

709.

Врз основа на член 97 став (1), став (2) и став (3) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015 и 65/2018),а согласно член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на Република Македонија бр. 05/02), и член 36 став (1) точка 9 и член 51 став (3) од Статутот на Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14, 08/20 и 05/21) Градоначалникот на Општина Штип го донесе следново:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исправање на очигледни технички грешки во управен акт**

1.Се врши исправка на очигледна и ненамерна техничка грешка во Правилник за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плата на вработените кои вршат административно- технички работи и помошни работи во Општина Штип објавен во Службен гласник на Општина Штип број 06 од 21 април 2022 година.
2. Исправката на очигледна и ненамерна техничка Грешка во Правилникот од точка 1 од ова Решение се врши во делот на архивскиот деловоден број кај датумот на деловодниот број 04.04.2021 година, бројот 2021 година се заменува со бројот 2022 година.
3. Ова решение е составен дел на Правилник за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плата на вработените кои вршат административно- технички работи и помошни работи во Општина Штип објавен во Службен гласник на Општина Штип број 06 од 21 април 2022 година и истото ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Штип заедно со корегираниот Правилник.
5.Оваа Решение влегува во сила на денот на неговото донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Градоначалникот на Општина Штип согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Штип секоја година за вработените во општинската администрација кои не се административни службеници донесува Правилник за плата, додаток на плата и надоместок на плата за сите вработени кои вршат административно технички работи и помошни работи кои се вработени во Општина Штип и се дел од општинската администрација на Општина Штип, во кој правилник се утврдуваат бодовите за плата како и вредноста на бодот за исплата на плата.

До Општина Штип на ден 12.09.2023 година од страна на Основното јавно обвинителство Штип беше доставено барање за потребни податоци по член 287 од КЗ по претходноно поднесена кривична пријава од страна на Тони Атанасов преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје за фалсификување на јавна исправа и пуштање на фалсификувана јавна исправа во правен промет и тоа за Правилник за плати со архивски број 09-2228/1 од 04.04.2022 година. Од извршениот увид во списите се увиде дека во самиот Правилник во делот на датумот е направена очигледна и ненамерна техничка грешка во истиот и наместо да стои во него 04.04.2022 година стои 04.04.2021 година. Од изводот од деловодникот на архивата на Општина Штип јасно се гледа дека со деловоден број 09-2228/1 од 04.04.2022 година стои Предмет "Правилник за измена на правилникот за утврдување на плати за помошно технички пероснал за вработените во Општина Штип". Истиот правилник е објавен и во Службен гласник на Општина Штип со број 06 од 21 април 2022 година.

Од увидот во списите се утврди дека станува збор за очигледна и ненамерна техничка грешка во самиот датум на деловодниот број кога е донесен овој правилник и затоа се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Број 09-5727/1
14.09.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

710.

ОПШТИНА ШТИП

Република Северна Македонија
Општина Штип
09-2228/1
04.04 ~~2021~~ година 2022
Штип

ЗАБЕЛЕШКА ВРСКА СО 09-5727/1 ОД 14.09.2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на РМ број 52/50), член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Р.М. бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Р.С.М. бр.143/19 и 14/20) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип број 01/03,18/07,11/08,07/09, 16/09, 04/11,13/14, 08/20 и 05/21) градоначалникот на Општина Штип на година донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА ШТИП**

**ЧЛЕН 1**

Со овој Правилник се врши измена во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административни- технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.12/18), Правилникот за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.02/20), Правилникот за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.02/21).

**Член 2**

Во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.12/18) членот 4 се менува и гласи:

**Група IV работни места на помошно- технички лица**

**Подгрупа 5**- други помошно технички лица

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Координатор на достава -курир | 481 бода |

711.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 52/05), член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Градоначалникот на Општина Штип донесе:

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ , ПОМОШНИ РАБОТИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ ПОЖАРНИКАРИ ВО ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува основната плата, додаток на плата и надоместоци на плата на вработените во општинската администрација во Општина Штип, при што се врши усогласување на исплатата на плати со законите, колективните договори и судските одлуки во врска со исплата на плата на вработените во Општина Штип.

Со овој правилник се уредуваат правата од работниот однос на вработените во Општина Штип кои не се уредени со Законот за административни службеници, Законот за пожарникарството и другите закони, како и колективните договори на ниво на јавен сектор и работодавач.

Доколку одредено право се уреди со закон или колективен договор во периодот по донесување на овој правилник, за истото ќе се применуваат одредбите предвидени со тие правни акти.

### Член 2

Вработениот кој склучил договор за вработување има право на заработувачка-плата, согласно Закон, Колективен договор и Правилник за плати.

Плаќањето на работата по договорот за вработување е во парична форма.

### Член 3

Основната плата на вработениот се определува согласно работното место за кое вработениот склучил договор за вработување.

Основната плата на вработените е во бодови.

Висината на бодот ја утврдува Градоначалникот врз основа на утврдениот буџет на општината (ставка плати и надоместоци на плати) за секоја тековна година.

### Член 4

Бројот на бодовите за секое работно место се утврдува според сложеноста на работата, која зависи од степенот на образованието потребен како услов за засновање на работен однос, а утврден во актот за организација и систематизација на работното место на Општина Штип, при што за професионалните пожарникари вработени во ТППЕ

Штип степените на сложеност на работните места се утврдени согласно актите донесени пред преземањето на надлежноста од Министерството за внатрешни работи се до нивното уредување согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор и тоа:

**Група II - Работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето**

**Подгрупа 10**

| Р.бр. | Назив на работното место | Бодови |
|---|---|---|
| 1. | Командир на ТППЕ | 620 бода |
| 2. | Командир на одделение | 540 бода |
| 3. | Пожарникар спасител- водач на група | 500 бода |
| 4. | Пожарникар спасител | 465 бода |

**Група IV работни места на помошно- технички лица**

**Подгрупа 1-** помошно технички лица за одржување на објектите и на опремата

| Р.бр. | Назив на работното место | Бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1. | Одржувач на хигиена | 401.5 бода | 1,04 |
| 2. | Одржувач на хигиена во ТППЕ | 401.5 бода | 1.04 |
| 3. | Одржувач на систем за греење | 407 бода | 1.15 |

**Подгрупа 3** – помошно- технички лица за превоз на лица и опрема

| Р.бр. | Назив на работното место | Бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1. | Возач на автобус | 407 бода | 1.15 |

**Подгрупа 4**- помошно- технички лица во кујна или во хотелско- угостителски објект

| Р.бр. | Назив на работното место | бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1. | Послужувач на пијалоци и одржување хигиена во кабинетот на градоначалникот и претседателот на советот | 407 бода | 1.04 |

**Подгрупа 5** други помошно технички лица

| Р.бр. | Назив на работното место | Бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1. | Координатор на достава –курир | 632.5 бода | 1.10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Курир | 401.5 бода | 1.07 |
| 3. | Умножувач ( копирант) | 401.5 бода | 1.07 |
| 4. | Домаќин | 577.5 бода | 1.07 |
| 5. | Работник за давање на податоци-информации | 423.5 бода | 1.07 |
| 6. | Графички оператор за обработка, доработка и контрола | 423.5 бода | 1.07 |
| 7. | Помошно- технички персонал | 401.5 бода | 1.07 |

**Член 5**

Вредноста на бодот на вработените од II група и IV група на вработени согласно Законот за вработените во јавниот сектор, изнесува 81,60 денари.

**Член 6**

Поради видот и природата на работите што ги извршуваат, износот на платата на професионалните пожарникари во ТППЕ Штип им се зголемува за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација согласно член 13 од Законот за пожарникарство.

Во насока на примена на ставот 1 на овој член бодовите од табелата за група 2 - Работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето од членот 4 на овој Правилник, се множат за коефициент 1,2 со што добиениот производ ја претставува основната плата на професионалните пожарникари.

**Член 7**

Вработениот има право на додаток на плата за минат труд ( работен стаж) кој се вреднува на основната плата на вработениот со 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Член 8**

Вработениот има право на додаток на основната плата за:

- Ноќна работа
- Работа за време на неделен одмор
- Работа подолга од работното време
- Работа во смени

Основната плата на вработениот по час се зголемува за:

- Работа ноќе по 40%
- Прекувремена работа по 40%
- Работа во ден од неделен одмор по 50%
- Работа во смени 5%

**Член 9**

За работа на денови на празници и неработни денови утврдени со закон, вработениот има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминати часови на работа зголемена за 50%.

**Член 10**

По исклучок од член 8 и член 9 од овој Правилник работодовачот е должен на вработениот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови, односно денови.

**Член 11**

Согласно Законот за работните односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор работодавачот може да исплати и додаток на плата за работна успешност на работникот за квалитет и обем на извршената работа, креативност и инвентивност, продуктивност, економичност и заштеди во процесот на работење и користење на средствата за работа и на работното време.

Додатокот на плата може да биде најмногу во висина од 15% од бруто платата на работникот остварена во претходниот месец, при што критериуми за исплата на додатокот се:

- покажан висок квалитет и обем на извршената работа,
- покажани креативност и инвентивност во работењето,
- утврдена економичност и заштеди во процесот на работење и користењето на средствата за работа и на работното време од страна на работникот.

За секој од критериумите од претходниот став на овој член може да биде исплатен поединечно по критериум додаток на плата за работна успешност во висина од најмногу 5% од бруто платата остварена во претходниот месец, при што истите кумулативно се собираат до највисокиот износ од 15% согласно претходниот став од овој член.

Предлог за исплата на додаток на плата за работна успешност до градоначалникот на Општина Штип доставува непосредниот раководител на работникот или Секретарот, по што градоначалникот доколку утврди дека предлогот е оправдан, донесува решение за исплата на додаток на плата.

**Член 12**

Вработените имаат право на надомест на трошоци поврзани со работата за:

- службено патување;
- користење на приватен автомобил за службени патувања;
- одвоен живот од семејството;
- теренски додаток;
- смрт на работникот или член на неговото семејство;
- отпреминина при одење во пензија;
- Висината на надоместоците од став 1 на овој член се утврдуваат согласно Закон и Колективен договор и секоја година овие средства се утврдуваат во Одлуката за извршувањето на Буџетот на Општина Штип.

**Член 13**

Вработениот има право на Јубилејна награда за навршени 10,20,30 и 40 години непрекинат работен стаж во Општина Штип. Висината на Јубилејната награда се определува согласно Закон, Колективен договор и Правилник за јубилени награди и секоја година средствата за ипсплата на Јубилејна награда се утврдуваат во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Штип.

**Член 14**

За време на штрајк вработените во општинската администрација кои остваруваат право на плата согласно овој правилник имаат право на нето плата во висина од 60% од последната исплатена нето плата пред почетокот на штрајкот.

На вработните учесници во штрајк, за време на учество во штрајкот, работодавачот е должен да им уплатува придонеси од плата во цел износ согласно овој правилник, само во случај кога штрајкот е организиран во согласно со Закон и Колективен договор.

**Член 15**

Вработениот кој со посебни ангажирања и квалитет во извршување на работите позначително ќе придонесе во органот, може да му се додели парична награда во висина од една негова просечна плата.

**Член 16**

На секој вработен во општинската администрација на Општина Штип висината на платата работодавачот ќе ја утврди со посебно решение за плата.

**Член 17**

Со влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 09-6817/1 од 27.11.2011 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 09-1318/1 од 26.02.2020 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 09-405/1 од 22.01.2021 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 09-2228/1 од 04.04.2022 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 09-2228/2 од 04.04.2022 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 09-4402/1 од 15.07.2022 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 09-6993/1 од 22.11.2022 година и Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 09-2178/1 од 23.03.2023 година.

**Член 18**

Овој Правилник ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип", а ќе се применува за исплата на плата за месец септември 2023 година.

Број 09-5875/1 Општина Штип
21.09.2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

712.

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02), Градоначалникот на Општина Штип донесе:

П Р О Т О К О Л
за прием и дистрибуција на екстра лесно масло за домаќинства за греење

Член 1

Со овој овој протокол се уредува начинот на прием на екстра лесно масло за домаќинства кое го користи Општина Штип за греење во текот на грејната сезона како и диструбицијата на екстра лесно масло за домаќинства за греење во текот на грејната сезона по основните општински и средни училишта како и детските градинки чии основач е Општина Штип.

Член 2

Градоначалникот на Општина Штип со Решение определува лице вработено во општинската администрација во Општина Штип кое е одговорно за приемот и дистрибуцијата на екстра лесно масло за греење во текот на грејната сезона, а со Задолжение определува лице вработено во општинската администрација кое заедно со одговорното лице определено со Решение , ќе го врши приемот и дистрибуцијата на екстра лесното масло за греење. Вработениот кој е определен со Задолжение од страна на Градоначалникот на Општина Штип учествува во процесот на прием и дистрибуција на ектра лесното масло за греење, додека вработениот определен со Решение од страна на Градоначалникот на Општина Штип покрај тоа што учествува во приемот и дистрибуцијата на екстра лесното масло за греење е одговорен и за контрола на економските документи поврзани со приемот и дистрибуцијата на ектра лесното масло за греење ( испратници, фактури и други документи).Основните и средните општински училишта како и детските градинки чии основач е Општина Штип, водат сопствена евиденција на економските документи кои се поврзани со приемот и дистрибуцијата на екстра лесното масло за греење.

Вработените кои се определени од страна на Градоначалникот со Решение и Задолежение потребно е пред почетокот и после завршувањето на

секоја грејна сезона да ја утврдат затекнатата односно преостанатата количина на екстра лесно масло во резервоарот каде што се складира екстра лесното масло за греење како во Општина Штип така и во основните и средните општински училишта и во детските градинки чии основач е Општина Штип.

Ваквата контрола вработените кои се определени со Решение и Задолжение од страна на Градоначалникот на Општина Штип ја вршат заедно со вработеното лице во Општина Штип, односно вработените лица во основните и средни општински училишта и детските градинки кои се одговорни за одржување на системот за греење.

Контролата која ја вршат вработените определени со Решение и Задолжение од страна на Градоначалникот ја вршат со помош на мерна летна, на која се нанaнсува специјална паста, со чија помош се определува присуството на вода во резервоарот каде што е складирано ектра лесното масло за греење.

После извршената контрола наведена во став 3 од член 2 на овој протокол одговорните лица составуват записник за затекнатата односно за преостанатата количина на екстра лесно масло во резервоарот како и за присуството на вода во резервоарот каде што е извршена контрола кој што го потпишуват одговорните лица како и вработениот кој е одговорен за одржување на системот за греење.

Член 3

Пред почетокот на грејната сезона како и во текот на грејната сезона вработениот во Општина Штип кој е одговорен за одржување на системот за греење во Општина Штип односно, доставува писмено барање до одговорното лице определено со Решение од страна на Градоначалникот, дека е потребно да се набави екстра лесно масло за греење.

Директорите на основните и средните општински училишта како и директорите на детските градинки чии основач е Општина Штип, пред почетокот и во текот на грејната сезона доставуваат писмено барање до Градоначалникот на Општина Штип, дека е потребно да се набави екстра лесно масло за греење за институцијата.

После одбрувањето на барањето од страна на Градоначалникот на Општина Штип одговорното лице определено со решение од страна на Градоначалникот одобреното барање по електронски пат го доставува до економскиот оператор со кој има Општина Штип склучено договор за јавна набавка на екстра лесно масло за греење.

Член 4

Одговорното лице определено со Решение од страна на Градоначалникот, во контакт со економскиот оператор го прецизира точниот датум и времето на испораката на екстра лесното масло за греење.

Испораката на екстра лесно масло за греење во врши во текот на работната недела од понеделник до петок во временскиот период од 07:30 часот до 13:00 часот

Член 5

По пристигнувањето на цистерната која ја врши испораката на екстра лесното масло за греење од страна на економскиот оператор, одговорните лица вршат мерење на истата кај економски оператор кој има баждирана вага за мерење на товарни моторни возила.

Пред почеток на мерењето се запишува бруто и нето носивоста на цистерната. Исто така и после мерењето се запишува бруто и нето носивоста на цистерната и се споредува дали податоците кои ги дал економскиот оператор за бруто и нето носивоста на цистерната се совпаѓат пред мерењето и после мерењето на цистерната.

За ваквото мерење одговорните лица составуват записник кој го потпишуват одговорните лица и лицето кое е определено од економскиот оператор за достава на ектра лесното масло за греење.

Член 6

После извршеното мерење економскиот оператор заедно со одговорните лица го доставува екстра лесното масло за греење до Општина Штип или до основните или средни училишта односно детските градинки кои имаат поднесено барање за набавка.

Пред почетокот на точење на екстра лесното масло за греење од цистерната во резервоарот каде се складира екстра лесното масло за греење одговорните лица заедно со вработениот кој го одржува системот за греење ја мерат количината на нафта која пред точењето е складирана во резервоарот. За ваквото мерење се составува засписник кој го потпишуват одговорните лица заедно со вработениот кој е одговорен за одржување на системот за греење.

После тоа се пристапува со точење на екстра лесно масло за греење од цистерната на економскиот оператор во резервоарот на институцијата. После завршувањето на точењето на екстра лесното масло за греење економскиот оператор на одговорните лица и издава соодветен документ односно испратница како и сертификат за квалитет на екстра лесното масло за греење за тоа колку нафта е источено од цистерната во резервоарот на институцијата.

После завршување со точењето на екстра лесното масло за греење повторно одговорните лица заедно со вработениот кој го одржува системот за греење вршат мерење во резервоарот на инстутуцијата и ја утврдуваат точната количина на источено екстра лесно масло за греење.

При завршување на мерењето одговорните лица составуваат записник кој го потпишуват одговорните лица, вработениот кој го одржува системот за греење и претставникот на економскиот оператор.

После завршувањето на точењето цистерната повторно со одговорните лица заминува на мерење за утврдување на бруто и нето носивост на цистерната.

Член 7

При секоја испорака на ектра лесно масло за греење одговорното лице кое е определено со Решение од страна на Градоначалникот на Општина Штип,

води записник за тоа колку екстра лесно масло е наточено во секој резервоарот поединечно и при пристигнување на фактурата од страна на економскиот оператор врши контрола на фактурата со испратниците за наточената количина на екстра лесно масло за греење.

Член 8

Овој протокол ќе се објави во Службен гласник на Општина Штип и истиот произведува правно дејство од денот на неговото објавување во Службен гласник на Општина Штип.

Број 09-5877/1
21.09.2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

713.

Врз основа на член 50 став (1) точка 14 и точка 16 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на Република Македонија бр. 05/02), а во врска со член 2 од Протоколот за прием и дистрибуција на екстра лесно масло за домаќинства за греење и член 36 став (1) точка 9 и член 51 став (3) од Статутот на Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14, 08/20 и 05/21) Градоначалникот на Општина Штип го донесе следново:

Р Е Ш Е Н И Е
за определување на одговорно лице за прием и дистрибуција
на екстра лесно масло за греење

1.Се определува административниот службеник Павле Куков вработен во Општина Штип распореден на работно место Сообраќај и локални патишта со звање Соработник шифра УПР 01 01 В03 000 во Одделението за комунални дејности / Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални дејности и заштита на животната средина согласно „Протоколот за прием и дистрибуција на екстра лесно масло за домаќинства за греење“ за одговорно лице кое во текот на грејната сезона ќе врши прием и дистрибуција на екстра лесно масло за греење за потребите на Општина Штип, како и за потребите на основните и средните училишта и детските градинки чии основач е Општина Штип.

2.Работните задачи кои произлегуваат како одговорно лице се состојат во следново: Пред почетокот и после завршувањето на грејната сезона на записник ја утврдува затекнатата односно преостанатата количина на екстра лесно масло за греење во резервоарот каде што се складира екстра лесното масло за греење во Општина Штип и во сите основни и средни училишта и детски градинки чии

основач е Општина Штип. Во текот на грејната сезона одобрените барања од страна на Градоначалникот на Општина Штип за порачка на екстра лесно масло за греење ги проследува до економскиот оператор и го закажува терминот за приемот на истото. Пред почетокот на приемот заедно со економскиот оператор врши мерење на цистерната која го дистрибуира екстра лесното масло исто така пред точењето на екстра лесното масло за греење во резервоарот каде што се складира врши мерење како и после завршеното точење повторно врши мерење на екстра лесно масло за греење во резервоарот. За потребите на Општина Штип ја води целокупната економска документација поврзана со приемот на екстра лесното масло за греење како што се испратници за прием, фактури и врши постојана контрола на економските документи кои се однесуваат на приемот на екстра лесно масло за греење во основните и средните училишта и во детските градинки.При секој прием на екстра лесното масло за греење како и при секое мерење во резерворат каде што се скалдира екстра лесното масло за греење составува записник кој како одговорно лице го потпишува, заедно со економскиот оператор како и со лицето одговорно за одржување на системот за греење како во Општина Штип така и во сите основни и средни училишта и детските градинки чии основач е Општина Штип

3.Оваа решение влегува во сила на денот на неговото донесување, и истото ќе се објави во „Службен гласник" во Општина Штип.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Градоначалникот на Општина Штип донесе „Протокол за прием и дистрибуција на екстра лесно масло за домаќинства за греење" во кој Протокол јасно е опишан начинот на прием и дистрибуција на екстра лесното масло за греење во текот на грејната сезона за потребите на Општина Штип како и за потребите за основните и средни училишта и детските градинки чии основач е Општина Штип. Во самиот протокол е наведено дека Градоначалникот на Општина Штип од редот на вработените во општинската администрација на Општина Штип со решение определува лица кое ќе биде одговорно за приемот и дистрибуцијата на екстра лесното масло за греење во текот на грејната сезона.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна од оваа Решение има право на жалба во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа Решение преку Градоначалникот на Општина Штип до Агенцијата за администрација Скопје.

Број 09-6038/1
27.09.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.